**АГРОКУМАНОВО АД** **П Р Е Д Л О Г - 1**
**Бр. 02 - ......../1**
**30. 03. 2017 год.**
**К У М А Н О В О**

Врз основа на чл. 383 ст.1 т.2 и чл. 384 ст.2 т.1 од Законот за трговските друштва, чл. 30 ст.3 т.1 и чл.38 од Статутот на АГРОКУМАНОВО АД Куманово, Собранието на акционери на Друштвото на седницата одржана на ден **30. 03. 2017** година, донесе:

# О Д Л У К А
## за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работење на Друштвото за 2016 година

**I**. СЕ УСВОЈУВА годишната сметка, финансиските извештаи, извештајот на независниот ревизор и годишниот извештај за работа на АГРОКУМАНОВО АД Куманово во деловната 2016 година, со следниве остварени резултати од работењето:

**1. Приходи ..........................................................26.683.095,00 ден.;**
**2. Расходи ..........................................................26.192.235,00 ден.;**
**3. Добивка пред оданочување (1-2)..............................490.860,00 ден.;**
**4. Даноци и придонеси ..................................................117.467,00 ден.;**
**5. Нето добивка (3-4)......................................................373.393,00 ден.**

**II.** Во Билансот на состојбата на ден 31.12.2016 година се искажани:

**1. Вкупна актива ....................................................144.212.948,00 ден.;**
**2. Вкупната пасива - обврски.................................... 2.379.200,00 ден.;**
**3. Основната главнина и резерви ...........................141.833.748,00 ден.**

**III.** Составен дел на оваа одлука се: Годишниот извештај за работа на Друштвото во деловната 2016 година, Билансот на успехот за период од 01.01.2016 до 31.12.2016 година, Билансот на состојбата на ден 31.12.2016 година и Извештајот на независниот ревизор БДО Друштво за ревизија ДОО Скопје од 22. Февруари 2017 година.

**IV**. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ДОСТАВЕНО:** Собрание на АД, Сектори / Подружници, Архива, Централен регистар и Македонска берза на хартиите од вредност АД Скопје.

**Собрание на АД**
**Претседавач**

________________

**АГРОКУМАНОВО АД** **П Р Е Д Л О Г- 2**
**Бр. 02 - ........./2**
**30. 03. 2017 год.**
**К У М А Н О В О**

Врз основа на чл. 384 ст.2 т.2 и чл. 483 ст.2 т.3-5 од Законот за трговските друштва, чл. 28 т.2, чл. 30 ст.3 т.2 и чл.39 од Статутот на АГРОКУМАНОВО АД Куманово, Собранието на акционери на Друштвото на седницата одржана на ден **30. 03. 2017** година, донесе:

# О Д Л У К А

**за распределба на добивка по Годишната сметка на АГРОКУМАНОВО АД Куманово за 2016 година**

**I**. СЕ РАСПРЕДЕЛУВА чистата добивка во износ 373.393,00 ден. по Годишната сметка за 2016 година на АГРОКУМАНОВО АД Куманово во акумулирана добивка.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ДОСТАВЕНО:** Собрание на АД, Подружници, Сектори, Архива, Централен регистар и Македонска берза на хартиите од вредност АД Скопје.

**Собрание на АД**
**Претседавач**

__________________

**АГРОКУМАНОВО АД** **ПРЕДЛОГ-3**
**Бр. 02 - ......./3**
**30. 03. 2017 год.**
**К У М А Н О В О**

Врз основа на чл. 383 ст.1 т.4 и чл. 384 ст.2 т.3 од Законот за трговските друштва, чл. 30 ст.3 т.3 и чл. 38 од Статутот на АГРОКУМАНОВО АД Куманово, Собранието на акционери на Друштвото на седницата одржана на ден **30. 03. 2017** година, донесе:

# О Д Л У К А

**I.** СЕ ОДОБРУВА работата на членовите на Одборот на директори на АГРОКУМАНОВО АД Куманово во деловната 2016 година и тоа на секој член поединечно:

**1. Анита Тодоровска - Неизвршен член, Председател ;**

**2. Тони Каранфиловски - Неизвршен член, Заменик Претседател;**

**3. Иван Ортаковски - Независен член за период од 01.01 - 31.05.2016 год. и**
**- Хелена Стевковска - Независен член за период од 01.06 - 31.12.2016 год.;**

**4. Горан Стојчевски - Независен член за период од 01.01 - 31.05.2016 год. и**
**- Бобан Максимовски - Независен член за период од 01.06 - 31.12.2016 год.;**

**5. Јовица Пешиќ - Извршен член.**

**II.** Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ДОСТАВЕНО:** Собрание на АД, Членови на Одборот на директори, Подружници, Сектори и Архива.

**Собрание на АД**
**Претседавач**

_______________

**ДО**
**Акционери на АГРОКУМАНОВО АД**
**- за Собрание на акционери -**
**ул. "Индустриска" бр. 11**
**1300 К У М А Н О В О**

**ПРЕДМЕТ: ИЗВЕСТУВАЊЕ за преобразба на АГРОКУМАНОВО АД Куманово во Друштво со ограничена одговорност**

Во врска со можностите за преобразба на Акционерско друштво за внатрешна и надворешна трговија АГРОКУМАНОВО Куманово во Друштво со ограничена одговорност, согласно чл. 510 ст. 6 од Законот за трговските друштва, Одборот на директори на Акционерското друштво ги ИЗВЕСТУВА акционерите за причините, правните и деловните прашања од значење за преобразбата.

Фактичките услови за преобразбата на Акционерското друштво во Друштво со ограничена одговорност се создадени со завршување на постапката за преземање на АГРОКУМАНОВО АД Куманово од двете правни лица КВАЛИТЕТ - ПРОМ ДООЕЛ увоз - извоз Куманово и МЕТАЛ - НЕТ ДОО увоз - извоз Куманово, коишто во Акционерското друштво се стекнале подеднакво со значајно учество од 50% во основната главнина, како поврзани друштва во смисла на чл.491 ст.1 в.в. со чл. 493 од Законот за трговските друштва.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Предлогот за преобразба на Акционерското друштво во Друштво со ограничена одговорност, Одборот на директорите на АД го заснова на повеќе суштински правни и деловни причини што претставуваат нов квалитет во однос на натамошното функционирање на АГРОКУМАНОВО АД Куманово, кој го задржува правниот континуитет и продолжува да работи како Друштво со ограничена одговорност, согласно со Законот за трговските друштва и другите законски прописи.

## I. ПРАВНИ ПРИЧИНИ

Целосното преземање на АГРОКУМАНОВО АД Куманово од две правни лица со подеднакво значајно учество од 50% во основната главнина на АД и намалувањето на бројот само на 2 /два/ акционери, или според акционерската книга број на иматели / сопственички позиции: 2, се правни предуслови за неговата преобразба во ДОО. Функционирањето на Акционерско друштво со Собрание на 2 акционери со преобразбата во Друштво со ограничена одговорност се олеснува со Собир на 2 содружници и се поедноставува со практичното приспособување на организацијата и управувањето на Друштвото.

Постапката на преобразба на друштвото од една во друга форма на друштвото воопшто е уредена со одредбите од чл. 510 - 516 од ЗТД, во кои се дадени содржина на одлуката, условите под коишто се врши преобразбата, преземање удел, упис на преобразбата, претворање на акции во удели и правата на акционер, односно содружник по преобразбата на друштвото.

Правниот идентитет на Друштвото со преобразбата останува сочуван, со тоа што наместо **Акционерското друштво за внатрешна и надворешна трговија АГРОКУМАНОВО Куманово** како правен следбеник со сите права и обврски понатаму ќе се организира и во правниот промет ќе учествува во правна форма на Друштво со ограничена одговорност под фирмата **Друштво за трговија и услуги АНГРОКУМ ДОО увоз - извоз Куманово.**

Акционерите на АГРОКУМАНОВО АД Куманово стануваат содружници на Друштво за трговија и услуги АНГРОКУМ ДОО увоз - извоз Куманово, на начин и постапка утврдена со ЗТД.

Акциите на постојните акционери се претвораат во удели со вредност утврдена според состојбата на годишната сметка ревидирана од овластен независен ревизор која се усвојува на Собранието на акционери при донесувањето на Одлуката за преобразба на АД во ДОО. Одлука за преобразбата се донесува со двотретинско мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас на Собранието на АД.

Преобразбата на Акционерското друштво за внатрешна и надворешна трговија АГРОКУМАНОВО Куманово во Друштво со ограничена одговорност се врши со Одлука и Договорот за Друштво за трговија и услуги АНГРОКУМ ДОО увоз - извоз Куманово согласно со одредбите на ЗТД.

## II. ДЕЛОВНИ ПРИЧИНИ

Друштвото како самостоен деловен субјект со преобразбата продолжува со работа за вршење на главните приходни дејности: издавање и управување со сопствен недвижен имот, трговија на големо со метална стока, цевки, уреди и опрема за централно греење со реализација на склучените договори за закуп, паркинг, вага, вршење на други услуги, наплата на побарувања и во континуитет со деловните промени се отвараат можности за проширувањето на предметот на работењето и основањето на нови сектори/подружници.

Целта на преобразбата на Друштвото не е само формален премин од една во друга форма, преформулирање или "менување на дресот" на Друштвото, туку внесување на нов квалитет во односите, повисок степен на усогласено однесување меѓу содружниците за организираното прегрупирање на сите расположиви ресурси, зголемување на оперативната ефикасност на деловните активности, со истовремено постигнување на поголема финансиска стабилност.

Предности на Друштво со ограничена одговорност во однос на Акционерско друштво можат да се согледуваат од повеќе аспекти со нови перспективи за развој и поставување на стратешки цели за одржување поголема стабилност во работењето со позитивни финансиски резултати.

Во практиката повеќе доаѓа до израз и се постигнува:

- Поголема слобода на содружниците со автономија на волја за порационално, економично и креативно уредување на односите со Договорот за друштвото за организирање на работењето со дејствување спрема условите на пазарот и прилагодување на промените во опкружувањето;
- Поефикасен и поекономичен систем на одлучување, управување и контрола;
- Внесување поголема одговорност и обврски на содружниците со што се обезбедува посигурен и побезбеден развој на Друштвото во целина;
- Во Договорот за друштвото има можност да се уредат повеќе ограничувања за содружниците во однос на располагање на удел, исклучување на содружник поради повреди на конкурентската клаузула и оштетување на Друштвото или на друг содружник.

Во Друштво со ограничена одговорност, содружниците поседуваат само еден удел во Друштвото, наместо повеќе акции во АД.

За разлика од ДОО каде пренесувањето на удел се остварува преку право на првенствено купување според услови и редослед определен од Друштвото, кај АД акциите се продаваат слободно и неконтролирано на Берзата. Акционерите не можат да знаат однапред кој и зошто сака да ги купи акциите, односно не можат да влијаат и да се одбранат од влез на непознато / непожелно лице или непријателско преземање.

Друштвото и содружниците преку посебно утврдени правила на располагање и пренесување на уделите во Друштвото се заштитуваат од влез на:

- некотролиран капитал со сомнително потекло, кој може да влијае на промена на развојниот концепт, дејноста и другите состојби на Друштвото.

- непожелно, недоволно познато надворешно лице како содружник, којшто со своето однесување, делување и нелојална конкуренција може да има негативно влијание и да причини штета на содружниците и на Друштвото во целина.

ЗТД овозможува слобода и креација во одлучувањето во рамките на кругот на односите на довербата меѓу содружниците, што значи потесен затворен круг во посебен вид на "ортачко" друштво.

Законот во ДОО овозможува на содружниците поедноставно да одлучуваат преку Собир на содружниците и преку допишување.

Забраната на конкуренцијата, судирот на интереси и одговорноста на управителот и надзорниот орган поедноставно се уредува и решава.

Управувањето со Друштвото може да се врши преку еден управител со јасно определена надлежност. Надзор на работењето на Друштвото можат да го вршат непосредно содружниците, поединечно или заеднички, ако во Друштвото не се образува орган на надзор или контролор.

## III. КОНТИНУИТЕТ НА ДРУШТВОТО СО ДЕЛОВНИ ПРОМЕНИ

По извршената преобразба, Друштвото продолжува да работи како правно лице со сите права и обврски од формата на Друштвото од коешто се преобразило. Во континуитет на деловните промени се отвара и опцијата за статусните промени со присоединување, спојување или поделба, за којашто одлучуваат друштвата што учествуваат во конкретната статусна промена, со согласност на сите содружници, односно акционери, според условите и начинот предвидени со одредбите на ЗТД.

Органите на управување на друштвата што учествуваат во статусната промена, склучуваат спогодба во која ги усогласуваат условите под коишто ќе се изврши присоединување, спојување или поделбата. Спогодбата содржи податоци и прилози предвидени со закон и се склучува во форма на нотарски акт.

Оваа Известување на Одборот на директори како дел од материјалите се доставува на 27.02.2017 год. во прилог на Поканата до акционерите на собранието на коешто се одлучува за преобразбата.

**ПРИЛОГ:** ПРЕДЛОГ ОДЛУКА за преобразба

**Одбор на директори**

**Претседател**
**с. р. Анита Тодоровска**

**Заменик Претседател**
**с. р. Тони Каранфиловски**

**АГРОКУМАНОВО АД** **П Р Е Д Л О Г-5**
**Бр. 02 - ........ / 5**
**30.03.2017 год.**
**К У М А Н О В О**

Врз основа на чл. 383 ст.1 т. 9, 510 и 511 од Законот за трговските друштва и чл. 28 т.10 од Статутот на АГРОКУМАНОВО АД Куманово, Собранието на акционери на Друштвото, со 25.554 гласа, што претставува 100% од вкупниот број акции со право на глас, на седницата одржана на ден **30.03.2017** година, донесе

# О Д Л У К А
## З А П Р Е О Б Р А З Б А
**на Акционерското друштво за внатрешна и надворешна трговија АГРОКУМАНОВО Куманово во Друштво со ограничена одговорност - Друштво за трговија и услуги АНГРОКУМ ДОО увоз - извоз Куманово -**

**1.** СЕ УСВОЈУВА Одлуката за преобразба на Акционерското друштво за внатрешна и надворешна трговија АГРОКУМАНОВО Куманово, ул. Индустриска бр.11, со ЕМБС 4084896, во Друштво со ограничена одговорност коешто продолжува да работи како правно лице во форма на друштво со ограничена одговорност, на начин и услови под кои е запишано во Трговскиот регистар.

**2.** Фирмата на Друштвото коешто се преобразува гласи:
- Акционерско друштво за внатрешна и надворешна трговија АГРОКУМАНОВО Куманово.

Фирмата на Друштвото во коешто се преобразува ќе гласи:
- Друштво за трговија и услуги АНГРОКУМ ДОО увоз - извоз Куманово.

**3.** Друштво за трговија и услуги АНГРОКУМ ДОО увоз - извоз Куманово, по извршената преобразба продолжува да работи со истото седиште во Куманово, на улица Индустриска бр.11, под истиот Единствен матичен број на субјектот / ЕМБС: 4084896 и со истиот Единствен даночен број / ЕДБ: МК 4017996100108.

**4.** Сите акционери кои се согласиле да учествуваат како содружници, со еднакви влогови во преобразеното Друштвото за трговија и услуги АНГРОКУМ ДОО увоз - извоз Куманово, сразмерно на номиналната вредност на нивните акции од основната главнина на Друштвото, се двете правните лица и тоа одделно:

**-** Друштво за производство, трговија и услуги МЕТАЛ-НЕТ ДОО увоз - извоз Куманово, ул. 11-ти Октомври бб, со ЕМБС 5215315 како Содружник со преземен удел од 50 %, во вредност од 41.513.400,00 денари од основната главнина на Друштвото; и

**-** Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ увоз - извоз Куманово ул. Никола Тесла бр.160, со ЕМБС 4204816 како Содружник со преземен удел од 50 % , во вредност од 41.513.400,00 денари од основната главнина на Друштвото.

**5.** Оваа Одлука е усвоена едногласно со 25.554 гласа, што претставува 100% од вкупниот број акции со право на глас, на двете правни лица како акционери со еднакво значајно учество, претставени секој поединечно со 12.777 или 50 % од акциите од основната главнина на Друштвото, која изнесува 83.026.800,00 денари.

Списокот на акционерите кои гласале за усвојување на оваа Одлука за преобразба е составен дел во прилог на Одлуката.

**6.** Преобразбата на Акционерското друштво за внатрешна и надворешна трговија АГРОКУМАНОВО Куманово во Друштво со ограничена одговорност се врши со оваа Одлука и Договор за Друштво со ограничена одговорност - Друштво за трговија и услуги АНГРОКУМ ДОО увоз - извоз Куманово од 30.03.2017 год., којшто е во прилог на оваа Одлука како нејзин составен дел.

**7.** Изјавите за преземање удел и за прифаќање на Договорот за друштвото со ограничена одговорност - Друштво за трговија и услуги АНГРОКУМ ДОО увоз - извоз Куманово, дадени од акционерите, односно содружниците на Друштвото на Записникот од Собранието заверен од Нотар, се составен дел на оваа Одлука.

**8.** Со Друштво за трговија и услуги АНГРОКУМ ДОО увоз - извоз Куманово, ќе управува управител како лице овластено за застапување и орган на управување според Договорот на Друштвото.

Управителот се именува со Договорот за друштвото - Друштвото за трговија и услуги АНГРОКУМ ДОО увоз - извоз Куманово.

Составот и организацијата на органот на управување и надзор на работењето на Друштвото подетално се уредува со Договорот за друштвото.

**9.** Одлуката за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за 2016 година според состојбата заклучно со 31.12.2016 год. заедно со Извештајот на овластениот ревизор усвоени со денот на одлучувањето на преобразбата на Друштвото, се составен дел во прилог на оваа Одлука.

**10.** СЕ ЗАДОЛЖУВА Управителот на Друштвото да поднесе пријава за упис во трговскиот регистар на оваа Одлука за преобразба заедно со Договорот на Друштво за трговија и услуги АНГРОКУМ ДОО увоз - извоз Куманово и другата потребна документација. По уписот на преобразбата во трговскиот регистар, Управителот врз основа на изјавите за преземање удел, издава потврда за стекнатиот удел во преобразеното Друштво и уделите ги запишува во Книгата на удели на Друштвото.

Управителот во рок од 8 дена од денот на уписот на преобразбата во трговскиот регистар му дава налог на Централниот депозитар за хартии од вредност да ја затвори Акционерската книга.

**11.** Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ДОСТАВЕНО:** Централен регистар на РМ - Трговски регистар;
Македонска берза на хартиите од вредност АД Скопје,
Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје;
Акционери /Содружници и Архива на Друштвото.

**Собрание на АД**
**Претседавач**

__________________